ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 35-323/1**

**Дата: 08.02.2013**

**ДО**

**КАЗНЕНО ПОПРАВНА УСТАНОВА - КАЗНЕНО ПОПРАВЕН ДОМ ИДРИЗОВО СО ОТВОРЕНО ОДДЕЛЕНИЕ ВЕЛЕС**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Казнено поправна установа – Казнено поправен дом Идризово со Отворено одделение Велес (во понатамошниот текст КПУ - КПД Идризово) на сметката на основниот буџет (603) за 2011 година.

При ревизијата беше опфатено и спроведувањето на препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2002 година, при што е утврдено дека само дел од препораките се имплементирани. Од вкупно дадените 11 препораки, 5 се спроведени, 2 се делумно спроведени, 2 не се спроведени, а 2 од нив се неприменливи согласно новите законски решенија.

Врз основа на резултатите од ревизијата, ние изразуваме негативно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи и за прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива.

Во рамки на утврдените слабости, како позначајни ги констатиравме: невоспоставениот систем на интерни контроли во процесот на залихи и процесот на јавни набавки, неизвршената трансформација на стопанските единици Економија и Препород и функционирањето на сметка надвор од трезорскиот систем. Поради ненавремено распоредување на вработените согласно новите законски решенија, за 4 месеци неправилно е пресметана и исплатена плата и надоместоци од плата на вработените.

КПУ – КПД Идризово располага со 28 објекти за кои не постои доказ за сопственост, дел од земјиштето не е евидентирано, а за дел не се обезбедени имотни листови. Извршена е неправилна пресметка на ревалоризација на

земјиштето, неправилно евидентирање на материјалните средства во подготовка како и неусогласеност на билансните позиции според буџетското начело на парично искажување. Пописот на средствата и изворите на средства за 2011 година не е целосно и правилно спроведен и констатирано е неправилно и неажурно магацинско работење.

Во 2011 година утврдено е незаконско користење на средствата кои се бесплатно отстапени од Управата за извршување на санкции за потребите на КПУ – КПД Идризово и извршени се набавки на опрема без претходна согласност од Управата за извршување на санкции, не е обезбедена целосна и веродостојна документација врз основа на која се евидентирани дел од расходите и не е почитуван во целост Законот за јавни набавки при набавките на стоки и услуги.

По однос на наведеното, укажуваме дека одговорните лица во КПУ – КПД Идризово треба да преземат активности со кои: ќе се донесат пишани процедури и ќе се воспостави ефикасен систем на интерни контоли во процесот на залихи и процесот на јавни набавки, ќе се изврши трансформација на стопанските единици и ќе се затвори сметката во деловната банка со цел целокупното работење на установата да се одвива во рамките на трезорскиот систем, ќе се изврши сметководствено евидентирање на земјиштето и обезбедување на имотни листови за градежните објекти, правилна пресметка на ревалоризација на земјиштето, целосно и правилно спроведување на пописот, целосност на сметководствените документи пред нивното одобрување, евидентирање и плаќање, наменско користење на бесплатно добиените стоки и рационално и ефикасно користење на буџетските средства при набавки на стоки и услуги преку доследна примена на постапките утврдени со Законот за јавни набавки.

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 24 до 26 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (603), кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капиталните средства за 2011 година, и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за 2002 година на КПУ - КПД Идризово при што изразено е негативно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за законското и наменското користење на средствата во финансиските трансакции.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, застапувано од:

- Миле Младеновски, директор од 09.10.2007 – 13.09.2011 година
- Тони Јакимовски, в.д. директор од 13.09.2011 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на КПУ – КПД Идризово се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1 Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1 е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2 Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3 Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања докази коишто ги поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуват

разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 03.09.2012 до 15.12.2012 кај КПУ - КПД Идризово од тим на Државниот завод за ревизија .

## 3. Осврт на ревизијата од претходните години – спроведување на препораките

Ревизијата од точката 1.1. опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2002 година, при што е констатирана следната состојба:

- Целосно се спроведени препораките по основ на усогласување на сметководствената евиденција со помошните книги на материјални средства и залихите на материјали и ситен инвентар, ажурно и навремено евидентирање на обврските спрема добавувачите и нивно разграничување по добавувачи, пренамената на буџетски средства се врши со претходно добиена согласност од МФ, сметководственото евидентирање е врз претходоно одобрени и потпишани документи од овластени лица;
- Делумно се спроведени препораките по основ на правилно и целосно извршување на пописот и почитувањето на Законот за јавни набавки;
- Не се спроведени препораките по основ на воспоставување на системот на интерни контроли со кои би се обезбедило разграничување на должностите и одговорностите на лицата кои располагаат со средства за работа и залихите на материјали и ситен инвентар и не е донесен акт за начинот на евидентирање и вреднување на залихите.
- Препораките во однос на воведување на внатрешна ревизија и измирувањето на обврските од страна на МФ за сметка на буџетските корисници се неприменливи.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 14.12.2012 година.

Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор број 35 – 171/6 од 28.12..2012 година.

### 4.1 Интерни контроли

4.1.1 КПУ - КПД Идризово нема воспоставено систем на интерни контроли и пишани процедури за процесот на прием, издавање, потрошок и евидентирање на залихите на материјали, резервни делови и ситен инвентар. Непостоењето на пишани процедури и невоспоставените контролни постапки создаваат ризик од неправилно магацинско работење и неусогласеност на

магацинското работење со материјалната и сметководствена евиденција, како и следење на потрошокот на залихите по организационите единици. Ваквиот начин на работа не е во согласност со член 17 од Законот, член 14 од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и член 5 и 7 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и истиот не обезбедува заштита на субјектот од појава на евентуални измами и грешки а создава ризик од нецелосност и непостоење на искажаните залихи и нереално и необјективно прикажување на финансиските извештаи.

**Препорака**

Директорот на КПУ - КПД Идризово да донесе пишани процедури и воспостави ефикасен и редовен систем на интерни контроли со кој ќе бидат делегирани надлежностите и овластувањата на одговорните лица во процесот на управување и евиденција на залихите.

4.1.2 При оценка на системот на интерни контроли во процесот на јавни набавки ревизијата констатира дека не се воспоставени интерни контроли кои ќе обезбедат доволно ниво на сигурност и ќе спречат ризик од непочитување на законските акти во делот на спроведување на постапките за јавни набавки и следење на реализацијата на склучените договори. Ваквата состојба не е во согласност со членовите 16, 17 и 29 од Законот за јавни набавки и има за последица можност од необезбедување фер конкуренција, еднаква и недискриминирачка положба на понудувачите, транспарентност и јавност во набавките.

**Препорака**

Директорот на КПУ - КПД Идризово да донесе пишани процедури кои ќе овозможат имплементирање на контролни постапки во процесот на спроведување на јавните набавки и следење на нивната реализација.

## 4.2 Усогласеност со закони и прописи

**4.2.1** КПУ – КПД Идризово немаат извршено трансформација на стопанските единици Препород и Економија кои функционираат како посебни правни субјекти формирани со решение бр. 311 и 312 од 1955 година и решение бр. 22792 од 1957 година, од Владата на РМ , што не е во согласност со членовите 71 - 75 од Законот за извршување на санкции, каде е предвидено стопанските единици во прометот да настапуваат во име и за сметка на установата, без својство на правно лице, а приходите што ги остваруваат да се уплатуваат на трезорска сметка, посебна сметка за самофинансирачки активности. Непочитувањето на законските одредби има за ефект, стопанските единици и КПУ – КПД Идризово да бидат застапувани од ист законски застапник што доведува до преклопување на неговите одговорности и надлежности а

целокупното работење на стопанските единици да се одвива преку сметки во деловните банки. Исто така КПУ – КПД Идризово, со години располага со сметката - Оска отворена во деловна банка, надвор од трезорскиот систем во кој се водат сметките на буџетските корисници и единките корисници и за истата во последните пет години нема изготвено завршна сметка. Поради ваквиот начин на работење што не е во согласност со член 40 од Законот за буџетите, МФ - сектор Трезор не е во можност да врши контрола на сите приливи и одливи на средствата, со што постои ризик од незаконско и ненаменско користење на средствата.

**Прпорака**

Одговорните лица на КПУ - КПД Идризово во соработка со надлежните институции (УИС и основачот на стопанските единици) да ги преземат сите потребни активности во насока на изнаоѓање соодветен и прифатлив модел, начин на трансформација на стопанските единици, а сметката - Оска да ја затворат и целокупниот промет да се одвива преку сметката за самофинансирачки активности.

4.2.2 Во текот на 2011 година исплатени се средства во вкупен износ од 268 илјади денари за користење на службени мобилни телефони без Решение донесено од страна на директорот за определување на лицата кои што имаат право на користење на службени мобилни телефони. Исто така во 11 - ти и 12 - ти месец 2011 година ревизијата утврди користење на мобилни телефони од две лица кои не биле вработени во КПУ – КПД Идризово. Ваквиот начин на работење не е во согласност со член 1 од Одлуката за определување на правото на користење на службен мобилен телефон и за ограничување на износот на сметката и член 2 од Законот за извршување на буџетот на РМ за 2011 година, што има за ефект ненаменско и незаконско користење на буџетските средства.

Во текот на ревизијата, на 06.12.2012 година, од страна на директорот донесен е Список на вработени кои користат службени мобилни телефони во Установата, поради што ревизијата не дава препорака.

4.2.3 КПУ - КПД Идризово како државна институција – корисник на недвижни ствари не води внатрешна евиденција на недвижни ствари на начин пропишан во член 87 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи, поради што нема доставено податоци за сметководствената вредност на недвижни ствари со состојба на 31 декември тековната година, како и податоци за промените во внатрешната евиденција односно промени кај вредноста на недвижните ствари до АКН, што не е во согласност со членовите 88 и 89 од истиот Закон. Исто така, КПУ- КПД Идризово не доставил податоци до МФ за вкупната сметководствена вредност за движните ствари што ги користи со состојба на 31 декември во

тековната година што не е во согласност со член 90 од истиот Закон.

Поради ваквата состојба АКН не е во можност да изврши промена на евидентираната сметководствена вредност во Евидентната книга, согласно промените и евиденцијата кај субјектот, што има за ефект нереално и необјективно искажување на вкупната вредност на недвижни ствари со кои располага РМ.

**Препорака**

КПУ- КПД Идризово да воведе евиденција на недвижните ствари во државна сопственост (книга за внатрешна евиденција) и да достави податоци за сметководствената вредност на недвижните ствари со состојба за секоја тековна година до АКН и податоци за вкупната сметководствена вредност за движните ствари што ги користат до МФ.

4.2.4 Со ревизијата на интерните акти кои го уредуваат начинот на организација и систематизација на работните места, пресметување и плаќање на платите и надоместоците, ревизијата констатира одредени состојби кои укажуваат на недоследно почитување на законските и подзаконските прописи и тоа како што следува:

- Со измените на Законот за извршување на санкциите од 26.04.2010 година, вработените во казнено - поправните и воспитно - поправните установи се стекнуваат со статус на државни службеници освен вработените во стопанските единици на установите. Од страна на КПУ – КПД Идризово изготвен е нов Правилник за систематизација на работните места согласно одредбите од Законот за државни службеници и истиот е одобрен од страна на Управата за извршување на санкции бр.1529/1 од 09.12.2010 година. Но, иако е добиена писмена согласност од Агенцијата за администрација на 10.12.2010 година, не е извршено навремено распоредување на вработените на работните места, односно новите решенија на вработените се изготвени на 01.05.2011 година, што не е во согласност со член 8 и 10 од завршните одредби од Правилникот за систематизација на работните места во КПУ-КПД Идризово;
- Поради ненавремено распоредување на вработените на работните места според новиот Правилник за систематизација согласно одредбите на Законот за државни службеници, КПУ – КПД Идризово за периодот од 01.01.2011- 01.05.2011 година пресметува и исплатува плата по Законот за работни односи, наместо по Законот за државни службеници;
- За истиот период, се продолжува со пресметка и исплата на бенефициран стаж на 40 вработени кои не се од Секторот за обезбедување, во износ од 235 илјади денари, што не е во согласност со членот 62 од Законот за извршување на санкциите, каде што законодавецот определил дека само на вработените во Секторот за

обезбедување поради спецификата на работите кои ги обавуваат, стажот на осигурување согласно Законот за пензиското и инвалидското осигурување им се смета со зголемено траење;

- Во истиот период, незаконски и ненаменски се исплатени средства во износ од 3.032 илјади денари по основ на паушал на вработените во Секторот за обезбедување, иако со стекнување на статусот на државни службеници на оваа категорија на вработени им се укинува правото на надоместок во вид на паушал;
- Со извршениот увид во Правилникот за систематизација на работните места, ревизијата констатира дека во Секторот за обезбедување постои неусогласеност помеѓу степенот и видот на образованието за определени работни места утврдени во Правилникот за систематизација и завршеното образование на вработените. Ваквата состојба на распоредување на вработените на работни места со несоодветно стручно образование може да влијае врз квалитетното извршување на работните задачи.

Непреземањето на навремени активности за распоредување на вработените на работните места согласно новите законски решенија има за ефект неправилна пресметка и исплата на плата и надоместоци од плата на вработените, што се рефлектира во незаконско и ненаменско трошење на буџетски средства.

**Препораки**

1. Одговорното лице на КПУ - КПД Идризово да преземе активности во насока на доследно следење на измените на законските одредби во однос на пресметка и исплата на плати и надоместоци и нивна навремена и целосна имплементација.
2. Одговорното лице да КПУ - КПД Идризово да преземе мерки во насока на вработување на лица со соодветен степен на образование утврдено со Правилникот за систематизација на работните места.

4.2.5 Министерството за правда има донесено Правилник за определување на надоместокот и наградата за работа на осудените лица како и за лицата кои без своја вина не работат, во кој се пропишани општите критериуми за определување на висината на надоместокот. Со извршениот увид во приложената документација за утврдување на надоместоците на осудените лица кои се работно ангажирани во установата констатиравме дека во КПУ – КПД Идризово, надоместоците за работното ангажирање во установата се утврдуваат по проценка на инструкторите и во зависност од буџетските средства со кои располага субјектот, без Одлука за висината на надоместокот и без критериуми за стручноста, видот, количеството и квалитетот на извршената работа. Ваквата пракса што е наследена од минати години не е во согласност со член 2 и 4 од Правилникот за определување на надоместокот и наградата за работа на осудените лица како и за лица кои без своја вина не

работат и создава ризик од субјективизам и необјективно определување на висината на надоместокот за соодветниот вид на работа.

**Препорака**

Директорот на КПУ - КПД Идризово да донесе Одлука за висината на надоместокот за осудените лица кои се работно ангажирани во Установата и истата да биде утврдена врз критериумите за стручност, вид и квалитет на извршената работа.

**4.3 Финансиски извештаи**

**Биланс на приходи и расходи**

**Расходи**

4.3.1 Ревизијата не можеше да се увери во реалноста и објективноста на искажаните расходи во вкупен износ од 3.957 илјади денари поради непостоење на соодветна поткрепувачка документација, кај следните видови на расходи:

- Во текот на 2011 година, потрошена е нафта - еуродизел за возила во износ од 3.311 илјади денари. Со увид во патните налози за користење на службени возила ревизијата констатира дека не се води правилна евиденција за потрошеното гориво. За две возила не се изготвуваат патни налози, а во останатите не е наведена километражата на поаѓање и враќање, целта и опис на работата – службеното дејствие што се врши. Нафтата за возила се издава на бензинска пумпа во склоп на КПУ - КПД Идризово со испратница на која се запишани километрите на возилото. Со извршената анализа, за некои возила констатирана е појава на многу често полнење на гориво иако количините не можат да се оправдаат со поминатите километри. Поради овие неправилности, ние не бевме во можност да се увериме дали расходите за гориво се направени за обавување на службени потреби или за лични цели;
- Во текот на 2011 година за поправка на службени возила потрошени се средства во износ од 314 илјади денари. Приемот на автоделовите се врши во домскиот магацин од каде што со испратница магационерот ги издава во работилницата за нивно вградување во службените возила. Ревизијата констатира дека ниту при приемот на автоделовите ниту при нивното издавање во работилницата не се знае за која намена се употребени односно во кое возило се вградени.
- За набавка на информатичка и друга опрема, за сервисирање и поправка на фекални пумпи, влечна служба и угостителски услуги исплатени се средства во вкупен износ од 332 илјади денари, без соодветна поткрепувачка документација (работен налог, испратница,

спецификација) како доказ дека стоките и услугите се навремено и квалитетно извршени;

Наведените состојби не се во согласност со член 12 од Законот и член 14 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и укажуваат на необезбеден систем на интерни контроли кој може да доведе до несовесно користење и злоупотреба на буџетските средства од страна на лицата вработени во КПУ - КПД Идризово.

**Препорака**

Одговорното лице на КПУ - КПД Идризово да преземе мерки, исплатите и евидентирањата во деловните книги да бидат поткрепени со веродостојни и вистинити сметководствени документи.

4.3.2 Пресметката и исплатата на плати и прекувремена работа на вработените во Секторот за обезбедување на КПУ – КПД Идризово се врши без податоците од електронските листи за редовност, само врз основа на Извештаи за ноќна работа, државни празници и продолжено работно време изготвени според дневниот распоред на припадниците на Секторот за обезбедување. Од извршениот увид во приложените документи, ревизијата не можеше да се увери во нивната точност и вистинитост од причини што во дневните распореди се додавани имиња, а некои се избришани што остава простор за субјективно постапување. Исто така за продолженото работно време на вработените во Секторот за обезбедување освен за заповедникот, за сите останати не се изготвува писмен налог (наредба) одобрен од непосредно претпоставеното лице каде што ќе се наведе причината за останување по редовното работно време. Горенаведеното не е во согласност со член 116 од Законот за работни односи и член 51 од Законот за државни службеници и не обезбедува уверување дека надоместоците за прекувремена работа во износ од 8.205 илјади денари се резултат на реално одработените часови.

**Препорака**

Одговорните лица во КПУ – КПД Идризово да преземат активности за целосна примена на системот на електронска евиденција во Секторот за обезбедување и врз основа на податоците од месечните електронски листи за редовност да се врши пресметка и исплата на плата и надоместоци за полното работно време и за прекувремената работа за секој вработен.

**Биланс на состојба**

4.3.3 Со извршениот увид во сметководствената евиденција на материјалните средства ревизијата ги констатира следниве неправилности:

- Во деловните книги на КПУ-КПД Идризово не се евидентирани сите видови на земјишта за кои постои доказ за сопственост, а за земјиштето кое е сметководствено евидентирано одговорните лица немаат обезбедено имотни листови;
- Пресметката на ревалоризација на земјиштето во Велес во вкупен износ од 786 илјади денари е извршена со индексот на кумулативниот пораст на цените на производителите на индустриски производи а не како разлика меѓу вредноста на крајот од пресметковниот период според просечните пазарни цени утврдени од страна на комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот од единицата на локалната самоуправа во која се наоѓа земјиштето и нивната сметководствена вредност;
- КПУ - КПД Идризово располага со 28 бесправно изградени објекти, а 15 од нив се евидентирани во сметководствената евиденција без соодветна поткрепувачка документација. Со цел да се изврши запишување на бесправните објекти во јавната книга за запишување на правата на недвижности и да се обезбеди соодветна документација за нивно евидентирање КПУ - КПД Идризиво има доставено барања до Министерство за транспорт и врски (МТВ) за утврдување на правниот статус на овие објекти. Од страна на министерството, постапката за легализација е прекината за 24 објекти, поради некомплетна и нецелосна документација предвидена со член 6 став 2 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти;
- На позицијата Материјални средства во поготовка на ден 31.12.2011 година евидентирани се 84.874 илјади денари. Иако реконструкцијата на градежниот објект - зграда затворено одделение во КПУ-КПД Идризово започнала во 2006 година и е завршена во 2011 година, за истиот износ не е извршено зголемување на позицијата Материјални средства од причини што постојната зграда не е сметководствено евидентирана.

Наведените состојби не се во согласност со член 19 и 22 од Законот и член 7 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и резултира со нереално и необјективно прикажување на позицијата на Материјални средства и Државниот јавен капитал во Билансот на состојба на ден 31.12.2011 година.

**Препорака**

1. Одговорните лица во КПУ-КПД Идризово да преземат активности за евидентирање на земјиштето во деловните книги, а ревалоризацијата да ја утврдуваат согласно законските прописи.
2. Одговорните лица во КПУ-КПД Идризово да ги достават сите потребни документи до МТВ за легализација на градежните објекти и да обезбедат

имотни листови како доказ за нивна сопственост, со што ќе можат да извршат и соодветно зголемување на материјалните средства и државниот јавен капитал.

4.3.4 Како резултат на несоодветно проценување на билансните позиции според буџетското начело на парично искажување во изминатите години, ревизијата констатира:

- неусогласеност на позициите Материјални средства и Државен јавен капитал, во Билансот на состојба на ден 31.12.2011 година за износ од 1.700 илјади денари;
- состојбата на позицијата Ревалоризациона резерва во износ од 15.978 илјади денари, на крајот на годината не е пренесена на позицијата Државен јавен капитал;
- неусогласеност на позицијата Извори на други средства и позицијата Други средства во Билансот на состојба за износ од 4.327 илјади денари. Зголемувањето на позицијата Извори на други средства потекнува од минати години за кои субјектот неможеше да достави соодветна поткрепувачка документација од каде ќе може да се утврди основот за нивното зголемување;
- неусогласеност на позицијата Пасивни временски разграничувања со позицијата Побарувања во износ од 272 илјади денари;
- неусогласеност помеѓу позициите Залиха на материјали, резервни делови и ситен инвентар и Останата капитал во Билансот на состојба на ден 31 Декември 2011 година за износ од 1.975 илјади денари.

Ваквата состојба не е во согласност со член 14,18 и 19 од Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и член 58 од Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници и има за последица нереално и необјективно прикажување на позициите во Билансот на состојба на ден 31.12.2011 година.

**Препорака**

Одговорните лица во Секторот за извршно - управни работи и финансиски прашања да извршат усогласување на позиции во Билансот на состојба според сметководственото начело на парично искажување.

4.3.5 Пописот на средствата и изворите на средства со состојба на ден 31 декември 2011 година не е извршен на начин предвиден со одредбите наведени во член 21 од Законот и член 29-35 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, од следниве причини:

- Со пописот не се опфатени земјиштето и градежните објекти и не е утврдена нивната состојба, евентуалните оштетувања, дали се вршени дополнителни вложувања во нив и сл;
- Не е извршен попис на паричните средства на жиро сметката, односно нивното попишување не е извршено врз основа на последниот извод за прометот и состојбата на тие средства од годината за која се врши пописот;
- Пописната комисија нема извршено внесување на сметководствената материјална состојба на средствата во пописните листи, утврдување на материјалните разлики меѓу состојбата на утврдениот попис и сметководствената состојба, како и вредносно пресметување на утврдените материјални разлики. Усогласувањето на фактичката со сметководствената состојба е извршено од страна на лице кое е задолжено за сметководствената евиденција;
- Пописната комисија не извршила попис и сметководствено усогласување на побарувањата, односно не извршила проверка на реалноста на искажаните износи на побарувањата, не ги утврдила причините за неблаговремената наплата, не ја утврдила нивната старосна структура како и преземените активности за нивна наплата;
- Извештајот од извршениот попис на средствата и на изворите на средствата не е усвоен од страна на директорот на КПУ – КПД Идризово од причини што истиот не е потпишан од страна на членовите на Централната пописна комисија.

Поради нецелосно и неправилно извршениот попис ревизијата не доби соодветни ревизорски докази за да се увери во реалноста и објективноста на искажаните средства и извори на средства во Билансот на состојба на ден 31.12.2011 година.

**Препорака**

Одговорното лице на КПУ - КПД Идризово да преземе активности и мерки за спроведување на пописот на начин предвиден со законските одредби.

4.3.6 КПУ - КПД Идризово располага со оружје, муниција и опрема за обезбедување за кои се води материјална но не и сметководствена евиденција. Поради неможност да изврши усогласување на фактичката со сметководствената состојба на средствата пописната комисија извршила само утврдување, мерење, пребројување и поблиско опишување на оружјето, муницијата и опремата за обезбедување во магацинот за оружје. Горенаведената состојба не е во согласност со член 22 од Законот за сметководство на буџет и буџетски корисници и има за ефект нереално и необјективно прикажување на позициите во Билансот на состојба на ден 31.12.2011 година.

**Препорака**

Одговорните лица во Секторот за извршно - управни работи и финансиски прашања да извршат сметководствено евидентирање на оружјето, муницијата и опремата за обезбедување на соодветните позиции во Билансот на состојба.

4.3.7 Во делот на евиденција на приемот и издавањето на материјалите, резервните делови и ситниот инвентар во КПУ - КПД Идризово за 2011 година, ревизијата ги констатира следниве неправилности:

- Издавањето на материјалите од домскиот магацин, не се евидентира по хронолошки редослед, во временскиот период на настанување на промената, а дел од нив се издавани без соодветен документ - испратница што укажува на неправилно и неажурно магацинско работење. Поради неправилно и несовесно вршење на работите во домскиот магацин, директорот на 06.12.2011 година донел Наредба бр. 02-15498/1 за вршење на вонреден попис на домскиот магацин, но истиот е прекинат од објективни причини (несредени документи, непрокнижени приеми, нераскнижени испратници, ист вид на стока на повеќе места и сл.), за што е изготвен Записник од пописната комисија бр. 05-1/323 од 21.12.2011 година. Со создавање на услови, а имајќи го во предвид временскиот период на извршување, пописот во домскиот магацин е извршен од страна на редовната пописна комисија и со Записник бр.05-1/48 од 08.02.2012 година е констатиран кусок од 5.231 илјада денари. По констатираните финансиските разлики, магационерот дополнително доставил на обработка испратници за издадените материјали, со што состојбата од првичниот записник е изменета, односно кусокот е намален и изнесува 4.194 илјади денари. Пописната комисија констатирала дека иако дел од испратниците за издадените материјали се допонително доставени и се материјално и сметководствено евидентирани, дел од испратниците се уште не се доставени;
- Од страна на директорот донесена е Одлука бр. 02-2229 од 27.02.2012 година за раскнижување на финансиските разлики утврдени со попис на домскиот магацин така што кусокот од 4.194 илјади денари да падне на товар на задолженото лице – магационерот. Истовремено против лицето е поднесена кривична пријава до МВР под сомнение за извршено кривично дело - злоупотреба на службената положба;
- Со извршени детални тестови и споредбени анализи констатирано е дека постои разлика помеѓу количината на издадените материјали од магацинот во однос на нивната материјална и сметководствена евиденција. Оваа состојба се потврдува со извршената споредба на примерокот од испратниците за количината на прехранбени производи што е примена во кујна со примерокот од испратниците по

кои се води материјалната и сметководствената евиденција при што е констатирано дека на голем дел на испратниците по кои се врши материјалното и сметководствено раздолжување се допишувани многу поголеми количини од оние кои реално се издадени во кујна;

- Поради пријава на кражба за нафта, на 18.05.2011 година извршен е вонреден попис на бензиската пумпа за утврдување на моменталната состојба на горивото (нафта) при што е констатирано дека недостасуваат 1.900 литри во износ од 126 илјади денари, за што е поднесена пријава до МВР на РМ. Бидејќи постапката се уште е во тек, утврдената разлика не е сметководствено и материјално евидентирана.

Ваквиот начин на несоодветно магацинско работење и евидентирање на материјалите е последица на невоспоставениот систем на интерни контроли и не е во согласност со член 6 од Законот и Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници. Ова има за ефект нереално и необјективно искажување на позицијата Залихи и позицијата Останат капитал и создава ризик од злоупотреба на средствата и нивно незаконско и ненаменско располагање и користење.

**Препораки**

1. Лицето кое е задолжено за домскиот магацин при приемот и издавањето на материјалите, резервните делови и ситниот инвентар да воспостави навремена и точна евиденција поткрепена со соодветни документи приемница/испратница.
2. Одговорното лице на КПУ - КПД Идризово да воспостави пракса на периодични усогласувања на состојбата на залихите во магацинот со материјалната и сметководствена евиденција, повеќе пати во годината.

4.3.8 Во текот на 2011 година набавени се огревни материјали во вкупен износ од 10.617 илјади денари (нафта за возила – еуро дизел БС во износ од 3.684 илјади денари, јаглен во износ од 5.207 илјади денари и огревно дрво во износ од 1.726 илјади денари). Со увид во сметководствената документација ревизијата ги констатира следниве неправилности:

- При испорака на нафта за возила – еуро дизел БС и јаглен носителите на набавката немаат доставено уверение за квалитет на испорачаната стока, а најголем дел од извршената дистрибуција на огревните материјали е без документ кој ќе ја потврди испорачаната количина (вага или протокомерач). Иако количината на нафта се мери во КПУ - КПД Идризово таа е со застарена техника (без мерач на густина, температура, мензура, паста за индикација на вода, мерење на ниво, влага и талог) само со мерна гарнитура, по таблица која е многу стара

и со рок на важност до 1994 година, а базенот не е исчистен повеќе од 10 години;

- Во материјалната и сметководствена евиденција, евидентирани се две фактури за набавка на огревно дрво, со иста дата. Според приложената сметководствена документација (испратници и приемници) ревизијата воочи дека носителот на набавката за огревни дрва, во еден ист ден, со истото возило кое сообраќало на релација Виница – КПУ - КПД Идризово, во ист терминот од 16-18 часот на два пати испорачал 50.49м3 и 52.8м3 огревно дрво. Со извршениот увид во дневникот на обезбедувањето на тој ден такво возило воопшто не е евидентирано од страна на обезбедувањето на КПУ - КПД Идризово, со што постои основано сомневање дека се преземени обврски во износ од 392 илјади за набавка на стоки кои воопшто не е испорачани.

Ваквиот начин на работење не е во согласност со член 12 и 14 од Законот и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и создава ризик извршениот и евидентиран прием на огревни материјали да не соодветствува на вистински настанатата промена (испорачана количина и квалитет), поради што ревизијата не се увери во реалноста и објективноста на позицијата залихи и останат капитал на ден 31.12.2011 година.

**Препорака**

Надлежните лица во КПУ – КПД Идризово при склучувањето на договорите, да вклучат прецизни одредби кои се однесуваат на начинот на испорака на нафтата и јагленот со што ќе се обезбеди квалитативен и квантитативен прием на количините, а доколку се продолжи праксата на мерење на нафтата во Установата тогаш да се преземат активности за попрецизно мерење со набавка на одредени дополнителни инструменти, утврдување на новата таблица од страна на Бирото за метеорологија, чистење на базенот и сл.

### 4.4 Користење на средства согласно законските прописи

**4.4.1.** Владата на РМ со Решение бр.51-14446/1 од 08.03.2011 година за бесплатно отстапување на стока, на Управата за извршување на санкции и отстапила детски патики и кондури. Имајќи ја во предвид потребата од ваков вид на стока за нормално функционирање на КПУ - КПД Идризово, директорот на Управата за извршување на санкции донел Решение бр.67-661/9 од 03.06.2011 година со кое на КПУ - КПД Идризово бесплатно му се отстапуваат 515 пара патики, по цена од 115,13 денари, односно во вкупна вредност од 59 илјади денари. Стоката е доставена од магацинот во Штип со испратници и тоа еден дел 303 пара патики се доставени на 09.04 2011 година пред да биде донесено Решението од УИС, а останатиот дел 212 пара патики се доставени на 28.07.2011. Истите се материјално и сметководствено евидентирани без соодветен документ (приемница) за извршениот прием на стоката на залиха.

Со увид во приложената документација, ревизијата констатира дека наместо на осудените лица или социјалните случаи од осудените лица, патиките се поделени помеѓу вработените на КПУ - КПД Идризово без Одлука на Директорот и без соодветна поткрепувачка документација за тоа кое лице колку патики подигнало. Ваквиот начин на работење не е во согласност со член 37-в од Законот за буџети и член 2 од Законот за извршување на буџетот на РМ за 2011 година и имаат за ефект незаконско и ненаменско користење на средствата во годината предмет на ревизија.

**Препорака**

Одговорното лице во КПУ – КПД Идризово да преземе мерки и активности во насока на наменско користење на бесплатно добиените стоки, односно истите да се користат за потребите на установата и осудените лица, а не за вработените лица.

4.4.2. Од страна на одговорните лица во КПУ – КПД Идризово извршени се набавки на информатичка опрема, електронска комуникациска опрема и друга опрема во вкупен износ од 384 илјади денари без добиена согласност од УИС како орган надлежен за реализација на Програмата за финансирање на изградба, реконструкција, одржување на објектите и опремување на КПУ и ВПУ за 2011 година. Ваквиот начин на набавка на опрема не е во согласно со член 70 од Законот за извршување на санкциите и има за ефект ненаменско и незаконско трошење на буџетски средства.

**Препорака:**

Одговорните лица во КПУ – КПД Идризово доследно да ги почитуваат одредбите од Законот за извршување на санкции и Програмата за финансирање на изградба, реконструкција, одржување на објектите и опремување на КПУ и ВПУ.

**Јавни набавки**

Со цел уверување во усогласеноста на користењето на средствата на КПУ – КПД Идризово за 2011 година со Законот за јавни набавки, извршивме ревизија на начинот и постапките за доделување на договори за јавни набавки од аспект на законските барања: обезбедување на конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и рационално и ефикасно искористување на средствата, како и реализацијата на доделените договори за јавни набавки.

Со ревизијата беа опфатени вкупно 14 постапки за јавни набавки спроведени во 2011 година. Вредноста на склучените договори во ревидираните постапки

изнесуваат 45.310 илјади денари и претставуваат 95% од вкупната вредност на доделените договори за спроведените постапки во 2011 година во износ од 47.527 илјади денари.

Од извршениот увид во спроведените постапки утврдивме недоследна примена на членовите 3 точка 22 и 24, 16, 17, 29, 48 и 162 од Законот за јавни набавки поради следното:

4.4.3. КПУ - КПД Идризово донел одлука за јавна набавка на 1.300 м3 огревно дрво со проценета вредност на набавката до 4.543 илјади денари за кои е спроведена отворена постапка и склучен е договор за 1.300 м3 по цена од 3.799 ден./м3 во вредност од 4.939 илјади денари која ја надминува вредноста предвидена со одлуката за јавна набавка.

Со извршените споредбени анализи од минати години, ревизијата не се увери во реалната потреба од спроведување на набавка на 1.300 м3 огревно дрво од причини што потребата на КПУ - КПД Идризво е многу помала. Така, во 2008 и 2009 година не е извршена набавка на огревно дрво, во 2010 година набавени се само 100 м3, бидејќи 470 м3 се добиени без надомест, а во 2011 година, потрошени се 560 м3 од кои 400 м3 дрва се преотстапени од Министерството за правда.

Со извршениот увид во магацинот каде се складирани огревните дрва, констатиравме дека најголем дел од трупците се со дебелина под 15 цм и со лош квалитет, со што не е испочитуван член 2 од Договорот за јавна набавка, каде е прецизирано дека минималната дебелина на трупците не смее да биде помала од 15 цм.

Исто така, ревизијата констатира дека не е извршено физичко разграничување на дрвата кои се добиени без надомест и оние кои се набавени, поради што не можевме да се се увериме дали фактичката количината на залиха на набавените огревни дрва и оние добиени без надомест соодветсвува со нивната сметководствената и материјална евиденција.

4.4.4. КПУ – КПД Идризово објавило оглас бр.02/2011 за доделување на договор за јавна набавка за нафтени деривати еуро дизел БС за 40.000 литри и екстра лесно гориво ЕЛ-1 за 45.000 литри, која е делива и спроведена со отворена постапка. Договорот за набавка и испорака на еуро дизел БС е склучен на 45.000 литри, што е за 5.000 литри повеќе од објавениот оглас и тендерската документација. За периодот од 12 месеци (времетраење на договорот) од истиот добавувач се набавени 55.000 литри со што е надмината количината за 10.000 литри повеќе и од склучениот договор.

Исто така, во периодот од 01.01.2011 до 01.03.2011 година пред спроведување на постапката и склучување на договорот за јавна набавка на нафтени деривати испорачени се 9.700 литри еуро дизел БС во вкупен износ од 628 илјади денари.

**4.4.5.** КПУ – КПД Идризово донело Одлука за доделување на договор за јавна набавка на јаглен со Отворена постапка бр.23/2010 година. Со најповолниот понудувач склучен е договор бр. 03-9968/1 од 03.09.2010 година со кој е прецизирано дека носителот на набавката треба да изврши сукцесивна испорака на 1.000 тони јаглен до 31.03.2011 година, по цена од 3.174 денари/тон односно во вкупна вредност од 3.174 илјади денари. По потпишување на договорот, носителот на набавката иако со писмено известување се откажал на 24.11.2010 година, од страна на КПУ- КПД Идризово не се преземени активности во насока на активирање на банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот во висина од 5% од вредноста на договорот.

Поради откажување на набавката и од страна на второрангираниот понудувач, КПУ –КПД Идризово склучува договор бр.03-14260/1 од 01.12.2010 година со треторангираниот понудувач за испорака на 500 тони јаглен по цена од 4.472 ден/тон, а вредноста на договорот е утврдена во износ од 3.174 илјади денари, што е за 938 илјади денари повисока во однос на реалната вредност (количината и цената утврдени во член 2 и 3 од договорот).

Во периодот за кој е склучен договорот од 01.12.2010 – 31.03.2011 година, КПУ – КПД Идризово извршило набавка на 831 тони јаглен со што ја надминала договорената количина за 331 тони односно во вредност од 1.480 илјади денари. Иако договорот е изминат, на ден 28.10.2011 година склучен е Анекс на договорот на количина од 70 тони јаглен по цена од 4.472 ден/тон и врз основа на незаконски склучениот анекс на договор од истиот добавувач извршена е набавка на 68 тони јаглен во износ од 305 илјади денари.

**4.4.6.** КПУ – КПД Идризово нема спроведено постапки за јавни набавки во вкупен износ до 2.191 илјада денари и тоа за:

- поправка и сервисирање на лесни возила во износ од 1.319 илјади денари;
- набавка на адитиви во износ од 184 илјади денари;
- набавка на безалкохолни пијалаци - вода во износ од 163 илјади денари;
- набавка на униформи во износ од 98 илјади денари;
- набавка на информатичка опрема во износ од 207 илјади денари;
- сервисирање и поправка на фекални пумпи во износ од 88 илјади денари и
- електронска комуникациска опрема во износ од 132 илјади денари.

**4.4.7.** И покрај спроведените постапки за јавни набавки и склучените договори со најповолните понудувачи, КПУ - КПД Идризово во текот на 2011 година, по истиот основ извршил набавки и од други добавувачи за:

- набавки на канцелариски материјали во износ од 216 илјади денари;
- набавки на конзервирано овошје во износ од 301 илјада денари;
- набавки на млеко во износ од 254 илјади денари.

**4.4.8.** Во текот на 2011 година, КПУ – КПД Идризово извршил набавки од добавувачи по договори од претходна спроведени постапки во 2010 година, чија што вредност на договорите е надмината. Поради, несоодветно следење на реализацијата на вредноста на договорите, нивната вредност е надмината и тоа за:

- набавка на прехранбени производи за 3.309 илјади денари;
- набавка на лекови за 2.470 илјади денари;

Утврдените слабости во примената на Законот за јавни набавки не обезбедуваат транспарентност, фер конкуренција и објективност при изборот на понудувачите што создава ризик од нерационално и неефикасно искористување на средствата во постапките за доделување договори за јавни набавки.

**Препорака**

Стручните служби во КПУ – КПД Идизово да изготват насоки во кои подетално ќе бидат опишани сите активности што комисијата за ЈН треба да ги спроведе во поглед на целосно обезбедување на потребната документација од страна на економските оператори, и спроведување на постапки за јавни набавки согласно законските одредби.

**Вкупни ефекти од наодите**

Врз основа на изнесеното во точките 4.3.1 – 4.3.8 од овој извештај, кои се однесуваат на неевидентирано земјиште, неевидентирани градежни објекти, неправилно пресметана ревалоризација, нецелосно извршен попис, неправилно магацинско работење, неусогласеност на билансните позиции според буџетското начело на парично искажување, како и евидентирање на расходи без соодветна поткрепувачка докуменатција, ревизијата изрази негативно мислење за финансиските извештаи на Казнено поправната установа – Казнено поправниот дом Идризово со Отворено одделение Велес, сметка на основниот буџет (603), на 31 декември 2011 година.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.3.1 - 4.3.8, финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Казнено поправната установа – Казнено поправниот дом Идризово со Отворено одделение Велес, сметка на основен буџет (603), на ден 31 декември 2011 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечата законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.2, 4.3 и 4.4 активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Казнено поправната установа – Казнено поправниот дом Идризово со Отворено одделение Велес, сметка на основен буџет (603), не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Прифатени и корегирани неправилности во текот на ревизијата

Во текот на ревизијата во сметководствената евиденција на КПУ – КПД Идризово прифатена е и извршена корекција на позицијата – Материјални средства и Државен јавен капитал капитал за износ од 88 илјади денари. Со извршената корекција намалени се соодветните позиции во Билансот на состојба за направените расходи по основ на поправка и сервисирање кои биле капиатлизирани, но истите не претставуваат зголемување на капацитетот или подобрување на функционалноста на материјалните средства.
Корекција е извршена во налог за книжење бр.20 од 03.12.2012 година.

Скопје, 08.02.2013 година

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2011 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2011 | 2010 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | **3.1.** | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 170.226 | 157.547 |
| **Вкупно приходи** | | **170.226** | **157.547** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | **3.2.** | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 107.785 | 94.479 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 59.549 | 60.353 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.3. | 2.052 | 1.658 |
| Социјални бенефиции | 3.2.4. | 840 | 1.057 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **170.226** | **157.547** |
| **Вкупно расходи** | | **170.226** | **157.547** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

| | | | во 000 денари |
|---|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **Образло-жение** | **2011** | **2010** |
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | **4.1.** | | |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.1.1. | 301 | 301 |
| Побарувања од вработените | 4.1.2. | 4.196 | 3 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3. | 41.045 | 24.866 |
| Залихи | 4.1.4. | 8.016 | 7.013 |
| **Вкупно тековни средства** | | **53.558** | **32.183** |
| **Постојани средства** | **4.2.** | | |
| Материјални добра и природни богатства | 4.2.1. | 10.251 | 9.465 |
| Материјални средства | 4.2.2. | 147.852 | 141.995 |
| Материјални средства во подготовка | 4.2.3. | 84.874 | 74.514 |
| **Вкупно постојани средства** | | **242.977** | **225.974** |
| **Вкупна актива** | | **296.535** | **258.157** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | **4.3.** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 30.985 | 17.393 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.2. | 1.139 | 633 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.3.3. | 3 | 0 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.4. | 8.537 | 6.474 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.5. | 4.226 | 18 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **44.890** | **24.518** |
| **Извори на средства** | **4.4.** | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 231.340 | 213.334 |
| Ревалоризациона резерва | 4.4.2. | 15.978 | 15.978 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **247.318** | **229.312** |
| **Извори на други средства** | **4.5.** | **4.327** | **4.327** |
| **Вкупна пасива** | | **296.535** | **258.157** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2011 ГОДИНА

**во 000 денари**

| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Ревалоризациона резерва** | **Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност)** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2011 година** | **208.296** | **15.978** | **5.038** | **229.312** |
| **Зголемување по основ на:** | **25.101** | | **44.187** | **69.288** |
| Набавки | 3.018 | | 44.187 | **47.205** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | 4.145 | | | **4.145** |
| Ревалоризација на капитални средства | 18.442 | | | **18.442** |
| Корекција по основ на дупло прокнижена фактура | 23 | | | **23** |
| Корекција по препорака на надворешна ревизија | 88 | | | **88** |
| Корекција по препорака на внатрешна ревизија | 366 | | | **366** |
| Отпис по одлука | 27 | | | **27** |
| **Намалување по основ на:** | **8.098** | - | **43.184** | **51.282** |
| Отпис на капитални средства | 48 | | | **48** |
| Издадени материјали, резервни делови и ситен инвентар | | | 38.990 | |
| Кусок по попис | | | 4.194 | |
| Амортизација | 8.050 | | | **8.050** |
| **Состојба 31.12.2011 година** | **225.299** | **15.978** | **6.041** | **247.318** |